# ЗАПИСНИК
## од 3 (свечена) седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 ноември 2025 година (понеделник)

Третата (свечена) седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 24 ноември 2025 година (понеделник), со почеток во 14.30 часот, во просториите на Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 27 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветановска, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски, Филип Ивановскии, Ана Цветаноска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трашановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Петковска, Зоран Крањевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

Претседателот на Советот, согласно член 18 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 3 (свечена) седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот констатира дека на седницата присуствуваат мнозинство од членовите на Советот, според што Советот на Општина Карпош може да расправа и полноважно да одлучува.

За денешната седница го предложува следниот дневен ред:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Обраќање на Градоначалникот на Општина Карпош
2. Предлог-Одлука за прогласување на заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2025 година

3. Предлог-Одлука за наградување на службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош

Претседателот го стави на гласање предложениот дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и дневниот ред го стави на гласање.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен дневниот ред за 3 (свечена) седница.**

Претседателот помина на разгледување на точките од Дневниот ред за денешната седница на Советот на Општината.

## ТОЧКА 1 – Обраќање на Градоначалникот на Општина Карпош

Претседателот го повикува Градоначалникот на Општина Карпош да се обрати на присутните.

На самиот почеток пред присутните се обрати градоначалникот Сотир Лукровски, кој во оваа пригода ја образложи потребата од одржување на Свечената седница.

„Почитувани советници. Како што сте веќе информирани, оваа среда Општината го одбележува 49-тиот роденден со Свечена манифестација, во чии рамки врачува Плакета на заслужен граѓанин за 2025 година. Затоа ве повикувам, ова признание да го доделиме достоинствено и обединето, како благодарност и како порака дека општина Карпош знае да ги вреднува своите сограѓани. На тој начил би сакал да покажеме дека зад оваа одлука стои Советот како институција, да испратиме јасна порака, дека секој што работи за доброто на нашата локална заедница, без разлика на неговите политички, верски, етнички или било какви други убедувања, ќе биде препознаен и секогаш поддржан од наша страна“ – истакна Лукровски.

Претседателот на Совет посочи дека на оваа седница на Советот се поканети да присуствуваат раководителите на секторите и одделенијата во општината, со цел да ги појаснат предложени акти, доколку за тоа се јави потреба.

Од службите го известија дека се одржани Комисијата за прописи, Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања и Комисијата за финансии и локален економски развој на Советот на Општина Карпош.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи која посочи дека била одржана на 24.11.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош која посочи дека комисијата била одржана на 24.11.2025 година, при што извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот на комисијата образложи дека на комисијата се разгледувале и гласале повеќе предлози, односно сите предлози доставени од советничките групи а со мнозинство гласови на комисјата се изгласал предлогот на ВМРО ДПМНЕ – Демократска партија за македонско национално единство):

- **Драги Сетинов.**

2. **Предлог-Одлука за прогласување на заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Зема збор членот на Советот на Општина Карпош Добрила Андоновска која посочи дека за неа сите граѓани се под еднакво значајни. Ова е ретка можност да им се даде

едно признание, што не е финансиско, туку признание, што многу ќе значи во нивната животна приказна. Истакна дека досега во минатото овие предлози не ги давале само советниците, туку ги даваа и граѓаните од месните заедници. Пример, секоја местна заедница може да предложи еден, двајца или тројца од нивното маало, од нивната средина. Минатата година, на пример, нејзиниот предлог бил предложен преку месната заедница. Значи, никогаш не се гледало ниту сега смета дека треба да се гледа било каква припадност на предлозите за заслужните граѓани. Меѓутото, не е запазена постапката во смисла, предлозите не се доставени до советниците. Значи, како советници не знаат кои граѓани се предложени за заслужен граѓанин, односно не ја имаат нивната биографија. Нејзин предлог е професорот Зоран Поповски. Но што како име тоа значи и зошто тој би требало да биде заслужен граѓанин на Карпош? Поради тоа, побара од службите прво да ги испочитуваат тие граѓани кои што се предложени, и да ги прочитаат нивните биографии.

Понатаму, истакна дека во минатото координаторите на советничките групи со координација биле известени и се договарале во однос на изборот за заслужен граѓанин. Апсолутно лично нема против предлогот на Комисијата да биде избран, но бидејќи сите советнички групи немаат свој член во комисијата, бара од службите да бидат прочитани предлозите со нивните биографии.

Зема збор членот на Советот Горан Михајлов, кој што истакна дека меморијата го враќа многу години station наназад, во времето кога се реализирала идејата за доделување награди на истакнати граѓани кои живеат на територијата на Општина Карпош. Тогаш постоеле две категории, од кои едната била категорија на заслужна личност – драматна фигура што требало да биде гордост на Карпош и преку која општината ќе се препознава и истакнати личности на Општина Карпош. Со текот на времето, овие две категории се изгубиле и се дошло до една категорија на заслужни граѓани, за која смета дека треба да биде исклучителна, исклучително позната и значајна, и јасно манифестирана како пример. Нагласи дека со одредена брзина се стигнало до оваа седница и информира дека предложил три имиња-предлога. Станува збор за истакнати и популарни личности во македонското општество, со големо значење во ликовната и културната дејност на Македонија, поранешна Југославија, Европа и светот. Првиот предлог бил Костадин Танчев – Динка, за кого напомена дека предлогот се поклопува и со предлогот на независните членови на Советот. Го опиша како еден од најзначајните дизајнери на поранешна Југославија и Европа, добитник на бројни награди, автор на илјадници дизајни, симболи и реклами, со животно искуство подолго од осумдесет години. Вториот предлог е Родољуб Анастасов, за кого посочи дека станува збор за еден од најзначајните, а можеби и најзначајниот македонски ликовен автор. Потсети дека некогаш постоела идеја Општина Карпош да направи спомен-соба за него додека е жив, бидејќи таквото признание подоцна не

може да се надомести. Изрази уверување дека станува збор за име со кое сите ќе се гордеат, нагласувајќи дека, и покрај репресиите, македонските уметници и патриоти оставиле трајни вредности. Третиот предлог бил Александар Ивановски, со признание од поширок, европски карактер. Во таа насока истакна дека, иако Општина Карпош е препознатлива како спортска општина, таа воедно е и уметничка општина од светска класа. Смета дека овие личности треба да се обележат и овековечат, не само преку историското паметење, туку и преку конкретни признанија, именување улици и значајни објекти. На крајот, потсети и на големата сликарка Кераца Висулчева, нагласувајќи дека таа никогаш не го напуштила македонскиот дух и македонското име, дури ни во периоди на долготрајна репресија, и дека ги подари сите свои дела, оставајќи траен и значаен белег.

Се вклучи членот на Советот Добрила Андоновска која предложи да се зголеми бројот на заслужни граѓани.

На иницијатива на Претседателот на Советот, од службите ги прочитаа сите предлози доставени од советничките групи.

Зема збор членот на Советот Татјана Стојановска, која посочи, бидејќи во Комисијата за верификација нема претставници од сите советнички групи,е настанатата оваа ситуација. Истакна дека апсолутно не го обвинува градоначалникот. Сепак, посочи дека во иднина, за вакви чувствителни теми, за кои не смета дека треба јавно да се дискутира од говорницата во смисла на тоа кој е повеќе или помалку заслужен за општината, би било поиздржано истите да се разгледуваат на координативна средба со сите советнички групи. Таа нагласи дека не сака да коментира за начинот на гласање и посочи дека сите предложени личности се заслужни, при што секоја советничка група има свои ставови. Според неа, изборот се сведува на потесен круг, но не треба повторно да се отвора дебата за тоа кој кандидат вреди повеќе или помалку. Оцени дека ваквата ситуација не требало да се дозволи и дека таа немало да настане доколку во рамки на самата комисија се постапело поинаку. Според неа, тоа оневозможило координиран и усогласен избор и довело до недоразбирања. На крајот, изрази став дека имало простор да се направи пауза и да се побара заедничко решение, при што би можело да се разгледаат два или три кандидати, независно, наместо да се остане на еден кандидат кој би можел да се почувствува изложен на напади од другите. Таа нагласи дека не сака да го именува конкретниот кандидат и дека верува во неговата вредност, но смета дека одлуката треба да биде донесена заеднички со сите советнички групи, по што го заврши своето обраќање.

Зема збор градоначалникот, кој што ги прифати критиките односно забелешките на членовите на Советот, но истакна дека со оглед на тоа дека во краток период се одржа

конститутивната седница, потоа ребаланс на буџетот а секако и одбележувањето на роденденот на Општината кој што треба да се одбележи, па замоли за разбирање. За следната година за 50 годишнина, изјави дека поинаку ќе се постапи односно ќе се зголеми бројот и категориите.

Зема збор членот на Советот Татјана Чакулев која побара да се зголеми бројот на заслужни граѓани со уште два - три предлози.

Претседателот на совет даде пауза за координација.

По паузата, продолжи седницата.

Зема збор членот на Советот Горан Михајлов, кој што ги повлече своите предлози за заслужен граѓанин.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 14 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за прогласување на заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2025 година**

**3.Предлог-Одлука за наградување на службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 24.11.2025 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Општина Карпош ја наградува полициската службеничка Елена Дракулевска, која ја извршува својта функција во Полициската станица од општа надлежност- Карпош. За таа намена, локалната самоуправа од својот Буџет обезбеди финансиски средства во

висина од 60.000 денари. Дракулевска ќе добие од Општина Карпош парична награда и Пофалница за заслуги, за нејзиниот исклучителен придонес во унапредување на безбедноста на јавниот ред.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за наградување на службеник од Полициска станица од општа надлежност Карпош.**

По исцрпување на дневниот ред седницата заврши во 15.30 часот.

Изработил: Виолета Андреевска
Проверил: Јелена Цветковиќ

**Број: 09-763/3**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Христо Саракинов**